ЕСМ ПРОДАЖБА

арх.бр.08-2117/2 16.07.2025

# БАРАЊЕ ПОНУДИ

**ПРЕДМЕТ**: Набавка на електрична енергија за периодите од **01.11.2025 до 30.11.2025** и од **01.12.2025 до 31.12.2025** година.

Почитувани,

ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ СКОПЈЕ врши набавка на електрична енергија за периодите од 01.11.2025 до 30.11.2025 и од 01.12.2025 до 31.12.2025 година со следните карактеристики.

| Лот | Период на набавка | Барана моќност (MW) | Планирана вкупна енергија (MWh) |
|---|---|---|---|
| *Лот 1* | *01.11.2025 –30.11.2025* | *(00:00-24:00) CET* | *(00:00-24:00) CET* |
| | | ***80*** | **57.600** |
| *Лот 2* | *01.12.2025 –31.12.2025* | *(00:00-24:00) CET* | *(00:00-24:00) CET* |
| | | **100** | **74.400** |

- Флексибилност: не се бара;
- Точка на испорака: во мрежата на АД МЕПСО;
- Банкарска гаранција/Депозит: се бара од понудувачите.
- Начин на плаќање: авансно
- Понудената единечна цена треба да биде изразена во EUR/MWh без вкалкулиран ДДВ;
- Минимална барана моќност по понуда: **5 MW**;
- Максимална барана моќност по понуда: **за ЛОТ 1 80 MW**
  **за ЛОТ 2 100 MW**
- Понудената единечна цена се однесува за целиот период на испорака
- Резултати на добитните понуди ќе бидат објавени на **23.07.2025 до 14:30 CET**.

**Доставување на понуди:**

Предмет на понуда:

**Набавка на електрична енергија за периодите 01.11.2025 - 30.11.2025 и 01.12.2025 – 31.12.2025 година**

- Критериумите за евалуација на понудата **е најниска единечна цена**;
- Понудувачите може да достават по **една (1) понуда за секој ЛОТ**
- Доколку се појават понуди со исти цени, избрана ќе биде прводоставената понуда.
- ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје го задржува правото да одбие каква било понуда, целосно или делумно да ги прифати количините на електрична енергија поднесени од страна на компаниите или да ја откаже постапката за набавка.
- Рок за прием на вашите понуди е **23.07.2025 год. од 09:00 до 09:30 часот на CET**, на е-пошта: **esmprodazba.ponudi@elem.com.mk** и **esmprodazba.ponudi@gmail.com**
- Сите понуди мора да имаат рок на важење до **23.07.2025** година, до **16:00 часот**, по локално време.

**Доставување на банкарска гаранција/депозит за квалитетно извршување на договорот:**

За да се обезбеди навремено и целосно исполнување на сите обврски од страна на Продавачот за испорака на договорените количини на електрична енергија според Индивидуалниот договор, Купувачот бара издавање на безусловна и неотповиклива банкарска гаранција/депозит обезбедена од страна на Продавачот. Доколку некој

од продавачите биде избран во двата лота, потребно е да достави до ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје финансиска гаранција за навремено и квалитетно извршување на ИД во висина од 20% од вредноста на електричната енергија од месецот со поголема вредност на испорака од ИД, во форма на банкарска гаранција издадена од банка со седиште во Република Северна Македонија или депозит на сметка на ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје и истата треба да биде со важност 7 дена по завршување на последниот месец на испорака од Индивидуалниот договор.

Банкарската гаранција/депозит се издава во корист на Купувачот не подоцна од 05.08.2025.

Банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување треба да биде изработена во согласност со доставениот Прилог 1 од ова Барање Понуда. Промена на Прилог 1 од страна на Продавачот без одобрение од страна на Купувачот нема да се смета за важечки.

Купувачот има право да ја наплати Банкарската гаранцијата односно да го задржи уплатениот депозит во случај да Продавачот постапува спротивно на било која одредба на Договорот, не исполни некоја од обврските од Индивидуалниот договор во рокот на стасаноста или во случај на раскинување на овој договор. Купувачот ќе побара наплата на Банкарската гаранцијата со писмено известување во кое ќе наведе дека Продавачот не постапува согласно договорените обврски. При тоа исплатата по гаранција односно задржување на уплатениот депозит ќе биде извршена без потреба од било какво дополнително објаснување или приложување на било каква документација.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, Купувачот му ја враќа на Продавачот во рок од 7 дена сметано од денот на целосното реализирање на Индивидуалниот договор, во случај да не биде наплатена.

Гаранцијата на Продавачот може да се достави и како уплатен депозит на сметката на Купувачот.

Гаранцијата треба да е поднесена во оригиналната форма.

**Начин на плаќање:**

Авансното плаќање ќе биде согласно следните сукцесивни периоди:

**за месец ноември 2025**:

- На ден 31.10.2025 за период 01.11 - 05.11.2025
- На ден 05.11.2025 за период 06.11 - 12.11.2025
- На ден 12.11.2025 за период 13.11 - 19.11.2025
- На ден 19.11.2025 за период 20.11 - 26.11.2025
- На ден 26.11.2025 за период 27.11 - 30.11.2025

**за месец декември 2025**:

- На ден 28.11.2025 за период 01.12 - 05.12.2025
- На ден 05.12.2025 за период 06.12 - 11.12.2025
- На ден 11.12.2025 за период 12.12 - 17.12.2025
- На ден 17.12.2025 за период 18.12 - 23.12.2025
- На ден 23.12.2025 за период 24.12 - 31.12.2025

**ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ СКОПЈЕ**

Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ СКОПЈЕ

Ул.11 Октомври бр.9, Скопје, Р.Северна Македонија; тел:+389 02 3149 157, факс. +389 02 3124 446; e-mail:elemtrejd@elem.com.mk